Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-2251/1
Прилеп, 11.06 2019 год.

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за усвојување на годишната сметка на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп за деловната 2018 год.**

**Член 1**

Се усвојува годишната сметка на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, за деловната 2018 год., според следните биланси:

1. Биланс на состојба на ден 31.12.2018 год.
2. Биланс на успех од 01.01.2018 год. до 31.12.2018 год.

**Член 2**

Во билансот на состојба на ден 31.12.2018 година е искажана следната билансна состојба:

1. Актива 2.323.025.379,00 ден.
2. Пасива 2.323.025.379,00 ден.

**Член 3**

Во билансот на успех за периодот од 01.01.2018 год. до 31.12.2018 год., се искажани следните состојби:

| | |
|---|---|
| 1. Приходи | 2.395.068.788,00 ден. |
| 2. Расходи | 2.337.181.956,00 ден. |
| 3. Добивка пред оданочување | 57.886.832,00 ден. |
| 4. Данок на добивка | 6.168.543,00 ден. |
| 5. Добивка по оданочување | 51.718.289,00 ден. |

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

________________________

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-2251/2
Прилеп, 11.06 2019 год.

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за усвојување на финансиските извештаи на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп**
**за 2018 год.**

**Член 1**

Се усвојуваат финансиските извештаи на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиското известување за годината која завршува на 31.12.2018 год., ревидирани од страна на ревизорското друштво „ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ“ ДОО Скопје.

**Член 2**

Финансиските извештаи за 2018 год. придружени со објаснувачките белешки се составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

________________________

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-2251/3
Прилеп, 11.06.2019 год.

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за усвојувањето на Годишниот извештај за работењето на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп во периодот јануари-декември 2018 год.**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај за работењето на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп во периодот јануари-декември 2018 год.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука е Годишниот извештај за работењето на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп во периодот јануари-декември 2018 год.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

______________________

Прехрамбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-2251/9
Прилеп, 11.06. 2019 год.

Врз основа на членовите 383, 384 и 504 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), годишното Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2018 год.**

**Член 1**

Се усвојува консолидираната годишна сметка на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, за деловната 2018 год., според следните биланси:

1. Биланс на состојба на ден 31.12.2018 год.
2. Биланс на успех од 01.01.2018 год. до 31.12.2018 год.

**Член 2**

Во билансот на состојба на ден 31.12.2018 година е искажана следната билансна состојба:

1. Актива 2.219.276.008,00 ден.
2. Пасива 2.219.276.008,00 ден.

**Член 3**

Се усвојува Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на „Витаминка“ а.д. Прилеп за 2018 год. со следните остварени финансиски резултати:

| | | |
|---|---|---|
| - | Вкупно консолидирани приходи.......... | 2.461.110.592,00 |
| - | Вкупно консолидирани расходи.......... | 2.426.110.062,00 |
| - | Консолидирана добивка од редовното работење пред оданочување................ | 35.000.530,00 |
| - | Данок на добивка.................................. | 6.168.543,00 |
| - | Консолидирана добивка од редовното работење по оданочување.................... | 28.831.987,00 |

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-2251/5
Прилеп, 11.06 2019 год.

Врз основа на членовите 383, 384 и 478 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), Собранието на акцисонери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за усвојување на ревизорските извештаи за 2018 год.**

**Член 1**

Се усвојуваат Извештајот на ревизорската куќа „ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ“ ДОО Скопје за поединечните финансиски извештаи на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп за 2018 год. и Извештајот на ревизорската куќа „ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ“ ДОО Скопје за консолидираните финансиски извештаи на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп за 2018 год.

**Член 2**

Прилог и составен дел на оваа одлука се: Извештајот на ревизорската куќа „ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ“ ДОО Скопје за поединечните финансиски извештаи на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп за 2018 год. и Извештајот на ревизорската куќа „ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ“ ДОО Скопје за консолидираните финансиски извештаи на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп за 2018 год.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехрамбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-2251/6
Прилеп, 11.06.2019 год.

Врз основа на членовите 383, 384 и 483 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 98 и 169 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за употреба на добивката за годината (добивка по оданочување)**
**според годишната сметка на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп од 2018 год.**

**Член 1**

Остварената добивка од редовно работење по оданочување во П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп по годишната сметка за 2018 год. изнесува: ...................................................... **51.718.289,00 ден.**

**Член 2**

Добивката се распределува и тоа:

а.) Резерви за инвестициски вложувања ....... ............................................... **31.177.289,00 ден.**

б.) Бруто износ за награди на менаџерски тим и раководен кадар: ............ **4.120.500,00 ден.**

в.) Износ на бруто дивиденда (со вклучени сите давачки)............................ **16.420.500,00 ден.**

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

_______________________

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-2251/17
Прилеп, 11.06.2019 год.

Врз основа на членовите 383 и 384 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп во 2018 год.**

**Член 1**

Се одобрува работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, од 01.01.2018 до 11.06.2018 година:

- Симон Наумоски, неизвршен член, Претседател на О.Д.;
- Сашо Наумоски, извршен член, Генерален извршен директор;
- Благоја Ѓорѓијовски, неизвршен член;
- Ѓорѓи Манчески, независен неизвршен член;
- Сашко Самарџиоски, независен неизвршен член.

**Член 2**

Се одобрува работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, од 12.06.2018 до 31.12.2018 година:

- Симон Наумоски, неизвршен член, Претседател на О.Д.;
- Сашо Наумоски, извршен член, Генерален извршен директор;
- Благоја Ѓорѓијовски, неизвршен член;
- Горан Рафајловски, независен неизвршен член;
- Марјан Бојаџиев, независен неизвршен член.

**Член 3**

Одобрувањето на работата на членовите на Одборот на директори на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп во 2018 година се изврши со поединечно гласање за секој член и врз основа на усвоената Годишна сметка за работењето за 2018 година, Извештаите кон годишната сметка и Годишниот извештај за работата на друштвото во 2018 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехрамбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-2251/18
Прилеп. 11.06.2019 год.

Врз основа на чловите 383, 384 и 415-в од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за усвојување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2018 год.**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2018 год. на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, бр. 18-364/1 од 05.03.2019 година.

**Член 2**

Составен дел на одлуката е Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2018 год. на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, бр. 18-364/1 од 05.03.2019 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-2251/9
Прилеп, 11.06.2019 год.

Врз основа на членовите 383, 384 и 479 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп за 2019 год.**

**Член 1**

За ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, за годината што завршува на 31.12.2019 год., согласно Меѓународните сметководствени стандарди, се избира овластената ревизорска куќа „Грант Торнтон“ ДОО Скопје.

**Член 2**

Се овластува Генералниот извршен директор да склучи договор со Друштвото за ревизија од членот 1 на оваа одлука во кој ќе бидат регулирани правата, обврските и одговорностите помеѓу корисникот и давателот на услугите.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

____________________

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-2251/10
Прилеп, 11.06 2019 год.

Врз основа на член 333 став 1 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и член 38 став 1 од Статутот на П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), Собранието на акционери на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за стекнување сопствени акции со откуп**

**Член 1**

Да се изврши стекнување на сопствени акции со откуп до една десеттина од основната главнина на друштвото.

Номиналниот износ на стекнатите акции со откуп не смее да надмине една десеттина од основната главнина на друштвото.

Стекнувањето на сопствени акции со откуп да се изврши преку правно лице овластено за вршење брокерски работи.

**Член 2**

Времето во кое треба да се изврши стекнување сопствени акции со откуп изнесува најдолго 12 /дванаесет/ месеца од денот на донесувањето на оваа одлука.

**Член 3**

Минималната противвредност којашто може да се плати за стекнувањето на сопствените акции со откуп изнесува 9.000,00 денари.

Максималната противвредност којашто може да се плати за стекнувањето на сопствените акции со откуп изнесува 12.000,00 денари.

Со стекнувањето на сопствените акции не смее да се намали имотот на друштвото под износот на основната главнина и резервите коишто се определени со закон и со статутот на друштвото и коишто не смеат да се користат за исплата на акционерите.

Стекнувањето на сопствените акции со откуп да се изврши од резервниот фонд за оваа намена.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-2251/13
Прилеп, 11.06 2019 год.

Врз основа на членовите 383, 384, 483 и 487 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97, 98 и 169 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# ОДЛУКА
**за висина на дивиденда**

**Член 1**

На сите акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп да се исплати дивиденда во бруто износ од 16.420.500,00 ден., односно во нето износ од 13.957.425,00 ден.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија - акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-2251/13
Прилеп, 11.06.2019 год.

Врз основа на членовите 383, 384, 487 и 490 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97, 98 и 169 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), а согласно со член 36 од Правилата за котација и член 59 од Правилата за тргување, Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за исплата на дивиденда за 2018 год.**
**-ДИВИДЕНДЕН КАЛЕНДАР-**

**Член 1**

Дивидендата за 2018 година изнесува 184,24 денари нето по акција или 216,76 денари бруто по акција што во процентуален износ од номиналната вредност на акцијата е 6,68%.

**Член 2**

Датум на пресек на акционерската книга според која се определува листа на акционери кои имаат право на исплата на дивиденда за 2018 година е 25.06.2019 год.

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 21.06.2019 год.

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 24.06.2019 год.

**Член 3**

Исплатата на дивидендата за 2018 год. ќе се изврши до 30.09.2019 год.

**Член 4**

Дивидендата ќе биде исплатена во паричен износ.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

Прехранбена индустрија акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА" А.Д.
Бр. 02/2251-11
Прилеп 11.06.2019 год.

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Р.С.М." бр. 95/2005 и понатаму), членовите 333 и 336 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М." бр. 28/2004 и понатаму), како и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка" А.Д. Прилеп, Собранието на акционери на П.И. „Витаминка" А.Д. Прилеп (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), на седницата одржана на ден 11.06.2019 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за отуѓување сопствени акции**

**Член 1**

Се одобрува отуѓување сопствени акции на Прехранбена индустрија „Витаминка" АД Прилеп стекнати до одржувањето на Годишното собрание на Друштвото на ден 11.06.2019 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно Одлуката на Собранието на Друштвото од 11.06.2019 година.

**Член 2**

Целта заради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување на стабилноста на компанијата и усогласување со законските одредби.

Номиналната вредност на една обична акција на ПИ „Витаминка" АД Прилеп изнесува 52,78 ЕВРА.

**Член 3**

Сопствените акции кои се предмет на отуѓување се со право на глас, по принципот една акција дава право на еден глас во собранието на Друштвото.

Согласно законските прописи и Статутот на ПИ „Витаминка" АД Прилеп, акционерите исплатата на дивиденда може да ја добијат во пари, во акции и во пари и акции.

**Член 4**

Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за хартии од вредност.

**Член 5**

Собранието на Друштвото го овластува Одборот на директори на ПИ „Витаминка" АД Прилеп поблиску да ги определи начинот на продажба, цената и другите потребни активности и податоци утврдени во Законот за хартии од вредност и да изврши измени и дополнување на оваа Одлука.

**Член 6**

Купувачите на сопствени акции на ПИ „Витаминка" АД Прилеп ги стекнуваат сите права од акциите согласно Статутот на Друштвото и законските прописи со денот на уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**Член 7**

Согласно законските одредби и Статутот на Друштвото, обичните акции им даваат на нивните сопственици:

- Право на глас во собранието на Друштвото;
- Право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- Право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Друштвото.

**Член 8**

ПИ „Витаминка“ АД Прилеп по завршување на постапката за отуѓување на сопствените акции, во рок утврден со Законот за хартии од вредност, ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста за количината на запишаните и уплатените хартии од вредност.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на акционери,

______________________

Прехрамбена индустрија акционерско друштво „ВИТАМИНКА“ 2 ПРИЛЕП

Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА" А.Д.
Бр 02-2251/14
Прилеп, 11.06 2019 год.

Врз основа на членовите 417, 418 и 419 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М." бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 214, 215 и 216 од Статутот на Друштвото (со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. – пречистен текст), по предлог на Одборот на директори, Собранието на акционери на ПИ "Витаминка" АД - Прилеп, на седницата одржана на 11.06.2019 год. донесе:

# ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Статутот на ПИ "Витаминка" АД-Прилеп (Пречистен текст) со арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год.**

**Член 1**

Членот 2 став (2) од Статутот на П.И.„Витаминка" АД Прилеп (арх.бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. - пречистен текст) се менува и гласи:
„(2) Друштвото е запишано во трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Република Северна Македонија."

**Член 2**

Членот 3 се менува и гласи:
„Основната главнина на Друштвото е поделена на 76.720 обични акции."

**Член 3**

Членот 14 став (2) се менува и гласи:
„Акциите се издаваат по номинален или над номинален износ. Друштвото не издава акции под номиналниот износ."

**Член 4**

Членот 21 став (1) се менува и гласи:
„Друштвото може до износот на основната главнина да издава обврзници кои не се конвертибилни обврзници, обврзници кои на доверителите им даваат право да ги заменат за акции во одреден период на определена опција или во кое било време за време на траењето на обврзницата и обврзници кои не обезбедуваат право на првенствено купување акции коишто друштвото ги издава. Во случај кога емисијата на обврзници е гарантирана од банка, најголемата вредност на емисијата не смее да го надминува износот на главнината и износот на издадената гаранција. Во случај кога емисијата на обврзници е обезбедена со недвижен имот, најголемата вредност на емисијата не смее да го надмине износот на главнината и 75% од вредноста на обезбедувањето."
Ставот 7 се менува и гласи:
„Начинот и условите под коишто друштвото ги издава хартиите од вредност, ги склучува опциските договори за купување и продажба на акции и на обврзниците, како и на фјучерс договорите, се определуваат со посебна одлука на Собранието на акционери."

**Член 5**

Членот 22 се менува и гласи:

„Одборот на директори е должен за податоците и извештаите значајни за акционерите и Друштвото, да ги објавува во дневниот печат, на официјалната интернет страница на друштвото и на интернет страницата на берзата."

## Член 6

Членот 26 се менува и гласи:

„(1) Акционерите имаат обврски кон Друштвото утврдени со овој Статут и не одговараат за обврските на акционерското Друштво.

(2) Акционерите на Друштвото одговараат неограничено и солидарно за обврските на друштвото во случаите, ако:

1) го злоупотребиле друштвото како правно лице за да постигнат цели што за нив како поединци, се забранети;

2) го злоупотребиле друштвото како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители;

3) спротивно на законот, располагале со имотот на друштвото како со свој сопствен имот или

4) во своја корист или во корист на кое било друго лице го намалиле имотот на друштвото, а знаеле или морале да знаат дека друштвото не е способно да ги изврши своите обврски спрема третите лица.“

## Член 7

Во членот 41 се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Без оглед на тоа како се стекнати сопствените акции, односно согласно со или спротивно на одредбите на членовите 333, 334 и 335 од Законот за трговските друштва и без оглед на роковите за нивно отуѓување, пред да се поништат, сопствените акции мора претходно да бидат понудени за продажба по пат на јавна понуда.“

## Член 8

Член 99 став (2) се менува и гласи:

„Одборот на директори, односно неизвршните членови на одборот на директори можат, со мнозинство гласови од своите членови, кога тоа е предвидено со овој Статут или Законот за трговските друштва, по своја иницијатива или по барање на акционер, да донесат одлука за свикување собрание.“

## Член 9

Член 101 став (2) се менува и гласи:

„(2)Јавниот повик се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија. Содржината на јавниот повик Друштвото ја објавува и на насловната страница од својата официјална интернет страница и на интернет страницата на берзата.“

## Член 10

Член 108 став (2) се менува и гласи:

„(2) Овластувањето на полномошникот од ставот (1) на овој член се дава со потпишување на писмено полномошно без обврска истото да биде заверено кај нотар.“

## Член 11

Во член 136 се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Оваа одредба ќе се применува од денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската унија.“

## Член 12

Во член 137 се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Оваа одредба ќе се применува од денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската унија.“

**Член 13**

Во членот 138 ставовите (3), (4) и (5) се бришат.

**Член 14**

Член 147 став (2) се менува и гласи:

(2) Одлуката за зголемување на основната главнина со средствата на Друштвото мора да е заснована на последната годишна сметка ревидирана од овластен ревизор за која ревизорот изразил мислење без резерва или мислење со резерва кое не ја доведува во прашање објективноста на годишната сметка, како и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година, одобрени од собранието."

**Член 15**

Член 165 ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Одлуката за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши во согласност со сите членови на Одборот на директори кои немаат интерес во зделката.

(3) Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кое не може да изнесува помалку од мнозинството од преставените акции на Собранието со право на глас, освен ако со овој Статут не е определено поголемо мнозинство, во следните случаи:

1) Вредноста на имотот на којшто се однесува ваквата зделка или поврзаните зделки изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото или во однос на понудената цена во случај кога треба да се купи имот,

2) Зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на Друштвото, преостанати во тој период и обичните акции на Друштвото, кои може да се конвертираат хартии од вредност предходно издадени во серии и кои можат да бидат конвертирани акции или

3) Зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување на конвертибилни обврзници, што може да се конвертираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на Друштвото и ако, во исто време, предходно издадените обични акции во серии се конвертибилни во акции."

**Член 16**

После членот 165 се додава нов член 165-а кој гласи:

„Член 165-а

Пред донесувањето на одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна донесена од надлежен орган на Друштвото чии хартии од вредност котираат на овластена берза, покрај одредбите од членот 165 од овој Статут, доколку вредноста на зделката што е предмет на одобрување или кумулативната вредност на меѓусебни поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката, изнесува 10% и повеќе од вредноста на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, е потребно мислење од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани со Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност."

**Член 17**

Се овластува Одборот на директори да изготви пречистен текст на Статутот на П.И.„Витаминка" АД Прилеп.

**Член 18**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на акционери,

______________________________